# АД "Т У Р Т Е Л" ШТИП

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА "ТУРТЕЛ" АД ШТИП ВО ДЕЛОВНАТА 2023 ГОДИНА

**10.03.2024, Штип**

АД "Туртел", ул. "Тошо Арсов" бр. 36, 2000 Штип, РМ
Тел: 032/391-469; 390-334; факс: 392-412 E - mail: www.turtel.com.mk

## ВОВЕД

За стопанисувањето и развојот на секоја фирма мнуgу битен фактор е окружувањето во кое работи 2023 година беше пропратена со општа неликвидност во стопанството, кое се одрази и врз работењето на "Туртел" АД Штип. Во 2014 година беше донесен Закон за финансиска дисциплина со кој требаше да се воведе ред во измирувањето на меѓусебните побарувања и обвски, но истиот не покажа некои резултати бидејки имаше селективна примена т. е.истиот не важеше за државните и јавните претпријатија. **Ова се одразува негативно врз работењето на друштвото бидејки учествуваме на тендери за испорака на трговска стока кај јавните претпријатија, а наплатата е отежната поради неликвидност кај истите.**

Но, и покрај отежнатите услови од окружувањето за стопанисување, сепак друштвото со домаќинско и рестриктиво штедење успеја да оствари позитивни финансови резултати.

Во извештајниот период друштвото беше ориентирано кон следните активности:

- Ориентирање кон набавка на максимално квалитетни трговски стоки;
- Дистрибуција на трговската стока до потрошачите;
- Зголемување асортиманот на трговските стоки;
- Проценка на бонитетот на своите клиенти;
- Пратење и примена на позитивните закони и законски прописи кои согласно плановите и програмите се применуваат во земјата;
- Неминовно вложување во инвестициони активности, посебно за одржување на деловните објекти и транспортните средства и набавка на градежно земјиште;
- Примена на принципите на отчетност, транспарентност, праведност и одговорност.;
- Одржување на перманентна финансиска ликвидност.

Во целиот анализиран период друштвото настојуваше да ја зајакне својата позиција на пазарот и покрај неповолните услови кои преовладуваат, докажувајки дека сите активности превземени од страна на раководните структури се во права насока.

## 1. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

Основна цел на друштвото е да обезбеди стабилност на пазарот и перманентен раст со почитување на севкупната законска регулатива.

Инвестициони активности кои се планираат за наредниот период се:

- Легализација и приватизацијата на деловните објекти и земјиштето кое е во владение на друштвото;
- Завршување на објектите во стовариштетео на железничка станица Штип и во стоваришетето во Скопје;
- Зголемување на асортиманот на трговска стока за натамошна продажба;
- Перманентно усовршување на стручниот кадар со посета на семинари и други видови предавања;
- Зголемување на профитот на друштвото.

## 2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ДРУШТВОТО

"Туртел" е акционерско друштво за трговија на мало, големо и извоз - увоз со седиште на улица "Партизанска" бр. 59 - Штип.

- Друштвото е настанато по извршените статусни промени на ТП "Чатал" – Штип кое е поделено на две претпријатија и тоа :

  "Туртел" и "Елмар" – Штип

-ТП "Туртел" е регистрирано во Окружниот Стопански суд на ден 20.03.1991 година со срег.бр 378/91.

Подоцна со одлука бр 02/138 и одлука за издавање на интерни акции со бр. 02 - 139, ТП "Туртел" се организира како Акционерско друштво и се регистрира во Окружниот Стопански суд во Штип под срег. бр. 875/91 година.

-На ден 01.06.1995 година склучен е договор за продажба на претпријатието на лица кои го превземаат управувањето и водењето на работните активности во истоото, степенот на приватизираност изнесува 100%,

- Основна дејност на друштвото е трговија на големо и мало со дрва, градежен материјал, санитарна опрема, обоена и црна металургија, метална стока, цевки и пластични цевки.
- "Туртел" АД Штип е основач на друштвото "Туртел - Инкубатор" кое се занимава со консултантски услуги од областа на финансиите и правото и книговодствени услуги.

  Со статутот на друштвото се утврдени одредбите кои го регулираат целокупното работење на "Туртел" АД Штип. Друштвото работи со жиро сметки во Комерцијална банка АД Скопје, и Стопанска банка АД Скопје.

## 3. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

Според статутот, "Туртел" АД Штип е организиран со двостепен систем на управување.

Органи преку кои се врши управување и раководење со друштвото се:

- Собрание во кое учествуваат сите носители на акции, а при одлучувањето на состаноците на собрание една акција носи еден глас.

- Надзорен одбор кој брои 4 (четири) члена, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови т.е. секој член е еден глас.
- Управен одбор кој брои 3 (три) члена, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вупниот број на членови т.е. секој член е еден глас.

Со друштвото раководи управниот одбор преку управителот на друштвото со неограничени овластувања, со исклучок на овластувањата кои изречно му се дадени на Надзорниот одбор и на Собранието на друштвото.

Работењето на друштвото се извршува преку:

1. Комерцијален сектор
2. Финансово- правен сектор сектор

Комерцијалниот сектор е поделен по работни единици, а се организирани по следните работни места:

- Раководител на комерција во Штип;;
- Одговорен продавач;
- Продавач - касиер и
- Општ Работник

Финансово –правните услуги се доверени да ги извршува Туртел Инкубатор ДООЕЛ Штип.

Управителот ја координира севкупната активност во друштвото, дава идеи и иницира предлози за поуспешно менаџирање и управување со друштвото.

Сите работни единици имаат меѓусебна корелација и соработка, во директна врска со управителот, кој има увид на секоја набавка и продажба како во однос на количини на потребни набавки така и на постигнатата цена за тие набавки и продажби.

Со горе наведената организација се постигнува поголема ефикасност и поголема економичност во трошењето на расположивите финансиски средства со кои располага друштвото.

## 4. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средстава, недвижностите и опремата се евидентираат по набавна вредност, која ја вклучува фактурната вредност на набавените материјални средства зголемена за трошоците настанати до моментот на нивното ставање во употреба. Трошоците за тековно одржување и поправка на основните средства се евидентираат на товар на расходите во периодот во кој настануваат. Позитивната разлика настаната од продажбата на материјалните средства се книжи како капитална добивка и се искажува во рамките на останатите приходи, а негативната разлика настаната од продажбата на материјални средства се книжи како капитална загуба и се искажува во рамките на останатите расходи. Амортизацијата на материјалните средства се пресметува по законски пропишаните стапки кои се одредени така да набавната вредност на недвижностите и опремата се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот корисен век на употреба. Пресметаните трошоци за амортизација се признаваат како расход во периодот во кој се настанати. Амортизацијата се врши за секое посебно средство со примена на методот пропорционално отпишување почнувајќи од првиот ден во наредниот месец во кој материјалните средства се ставени во употреба.

Состојбата на основните средства на 31.12.2023 година е следната:

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвест.во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Наб. вредност 01.01.2022 | 3.157.966 | 35.741.731 | 8.102.546 | 26.672.783 | 73.675.026 |
| Зголемување | - | | | 1.192.044 | 1.192.044 |
| Намалување | | | | - | |
| Салдо 31.12.2022 | 3.157.966 | 35.741.731 | 8.102.546 | 27.864.827 | 74.867.070 |

Во 2023 извршено е зголемување кај инвестициите во тек за 1.192.044,00денари.

Состојбата на вкупните средства е следната:

000,00

| | БРУТО | | ИСПРАВКА | | НЕТО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 |
| Основни средства | 74.867 | 73.675 | 20.970 | 20.611 | 53.897 | 53.064 |
| Обртни средства | 39.897 | 39.216 | 1.122 | 1.494 | 38.775 | 39.216 |
| **ВКУПНО:** | **114.764** | **112.891** | **22.092** | **22.105** | **113.642** | **92.280** |

**Структура на средствата**

000,00

| | ИЗНОС | | СТРУКТУРА % | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 |
| Основни средства сег.вред | 53.897 | 53.064 | 57.58 | 57 |
| Обртни средства | 38.775 | 39.216 | 41.42 | 42 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вложувања во подружници и заеми | 920 | 920 | 1.00 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **93.592** | **93.200** | **100** | **100** |

Основните средства во 2023 год. со нето износ од 53.064 илјади денари учествуваат со 57% а обртните средства учествуваат со 39.216 илјади денари т.е. со 42% во вкупните средства на друштвото I 1% вложувања во подружници.

# 5. ОБРАТНИ СРЕДСТВА

- **Структура на обртните средства**

000,00

| | БРУТО | | ИСПРАВКА | | НЕТО | | СТРУКТУ – РА % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 |
| Залиха на трговска стока | 13.410 | 12.241 | 1.122 | 1.494 | 12.288 | 12.241 | 47,66 | 47,11 |
| Краткорочни побарувања | 26.388 | 25.913 | 12.993 | 13.230 | 13.395 | 12.683 | 51.95 | 48,81 |
| Парични средства | 99 | 1.062 | - | - | 99 | 1.062 | 0,39 | 4,08 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО:** | | 39.216 | 14.115 | 14.724 | 25.782 | 25.986 | **100** | **100** |

Од структурата на обртните средства може да се констатира дека најголемо учество имаат побарувањата и тоа 51.95 % во 2023 год., а во 2022 год48.81 % и истото бележи зголемување од 3%.

### 5.1 Залихи

Залихите во друштвото се водат по метод на продажни цени, како залихи за продажба на големо. Набавната вредност на залихите ја чинат фактурната цена на добавувачот и други трошоци доколку постојат при набавката на трговските стоки. Залихите на трговските стоки во продажните објекти на големо се искажани по продажни цени без пресметан данок на додадена вредност. Намалувањето на вредноста на залихите на стоките се врши кога ќе се утврди дека дошло до губење на квалитетот, односно кога евентуално на пазарот се јави поголемо намалување на цената на некоја стока што е на залиха. Перманентно се следат цените на пазарот па во зависност од движењето на цените се врши усогласување на истите преку измени на цени.

### 5.2 Краткорочни побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност. Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат побарувањата за испорачана стока, извршени услуги и кирии.

Останатите краткорочни побарувања претежно се однесуваат на побарувања за дадени аванси на добавувачи за набавка на трговска стока, дадени краткорочни позајмици, побарувања од државата по основ на ДДВ и побарувања од вработените по разни основи.

### 5.3 Краткорочни финансиски вложувања

Краткорочните финансиски вложувања се вложени како основачки влог во “Туртел Инкубатор” Дооел Штип и “Туртел Агро” и доделени акции при трансформација од отворена стечајна постапка на “Металец” - Прилеп.

### 5.4 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат пари во готово во благајна,парични средства на жиро сметки кај банките, депозити на жиро сметки и девизни сметки.

# 6. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Изворите на средства ги сочинуваат трајниот капитал и обврските на друштвото, а структурата на изворите на средства е следната:

### 6.1 Траен капитал

000,00

| СРЕДСТВА | ИЗНОС | | СТРУКТУРА% | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | 2022 | 2021 |
| Акционерски капитл | 38.242 | 38.242 | 40 | 41 |
| Ревалоризациони резерви | 7.510 | 7.510 | 8 | 8 |
| Законски и статутарни резерви и др. | 4.174 | 3.957 | 4 | 4 |
| Акумулирана добивка | 11.525 | 10.991 | 12 | 12 |
| Добивка за деловната година | 141 | 733 | 1 | 1 |
| Краткорочни обврски | 32.000 | 31.749 | 34 | 34 |
| **ВКУПНО:** | **93.592** | **93.200** | **100** | **100** |

Капиталот на друштвото се состои од 122876 акции по цена од 5евра или вкупно 38.242.502 денари,равалоризациони резерви од 7.509.617денари, резервен фон од 4.174.509 денари, статутарни резерви од

1.281.420денари, резерви за реинвестирана добивка 588.849 денари, акомулирана добивкс од 11.524.528денари и добивка за тековната година од 141.222денари.

**Структура на капиталот** **000,00ден.**

| СРЕДСТВА | ИЗНОС | | СТРУКТУРА% | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 |
| Акционерски капитал | 38.242 | 38.242 | 62 | 62 |
| Резервен фонд | 2.304 | 2.304 | 4 | 4 |
| Статутарни резерви | 1.282 | 1.282 | 2 | 2 |
| Останати резерви за реинвестирање | 588 | 389 | 1 | 1 |
| Револаризациони резерви | 7.510 | 7.510 | 12 | 12 |
| Акумулирана добивка | 11.525 | 10.991 | 18 | 18 |
| Добивка за тековна година | 141 | 733 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **61.592** | **61.451** | **100** | **100** |

### 6.2 Краткорочни обврски спрема добавувачите и останати обврски

Обврските спрема добавувачите и останатите обврски се искажуваат спрема нивната номинална вредност. Отпис на обрските спрема добавувачите се врши по истекот на рокот на застареност со директно отпишување.

0,000

| Обврски | 2023 | 2022 | 2023% | 2022% |
|---|---|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачите | 8.664 | 7.380 | 28 | 24 |
| Обврски спрема банките | 21.706 | 22.110 | 67 | 70 |
| Останати обврски | 1.630 | 2.259 | 5 | 6 |
| ВКУПНО | 32.000 | 31.749 | 100 | 100 |

## 7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во друштвото со состјба 31.12.203 година се вработени 9 лица со следната стручна спрема:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| - Висока стручна спрема | 4 | 4 |
| - Виша стручна спрема | - | - |
| - Средна стручна спрема | 5 | 5 |
| - Основно образование | | |
| **Вкупно** | **9** | **9** |

## 8. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

| Р.бр | Опис | 2023 | 2022 | | ИНДЕКС Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен приход | 32.599 | 46.531 | | -42% |
| 2. | Вкупни расходи | 32.458 | 45.236 | | -39% |
| 3. | Бруто плата | 4.451 | 3.805 | | +12% |
| 4. | Добивка пред оданочување | 141 | 1.295 | | -918 |
| 5. | Данок од добивка | - | 562 | | - |
| 6. | Нето добивка | 141 | 733 | | -519% |

Од изнесеното може да се констатира дека вкупниот приход во 2023 год. во однос на 2022 год. е намален за 42% . расходите се намалени за 39%, бруто платата е зголемена за 12%.

Бруто добивката во 2023 год. во однос со 2022 год. во апсолутен износ е намалена за 1.153.677 денари, а нето добивката бележи намалување од 591.577 денари.

## 9. ПРИХОДИ

Вкупниот приход во друштвото се остварува со продажба на трговски стоки транзитно, продажба преку магацин и тоа продажба на големо преку издавање на фактури и продажба на мало преку фискални каси и приходи од кирии преку издавање на деловен простор под закуп.

| | | 2023год | Струк%. | 2022год. | Струк.% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реализација од стовариште | 21.769.626 | 66,78% | 28.727.395 | 61,74 |
| 2 | Реализација од транзит | 5.016.575 | 15,38% | 4.556.255 | 9,79 |
| 3 | Приходи од наемнини | 5.541.735 | 16,99% | 5.238.570 | 11,26 |
| 4 | Приходи од финанс.работ. | 253.715 | 0,77% | 193.048 | 0,41 |
| 5 | Приходи од имот | - | | 7.815.734 | 16,80 |
| 6 | Останати приходи | 17.131 | 0,08% | | |
| | **Вкупно** | **32.598.782** | **100** | **46.531.002** | **100** |

**Приходи по фактурни места**

| ф.м | НАЗИВ | 2023 | 2022 | 2023% | 2022% |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Транзит –останати приходи | | | | |
| 18 | Транзит - Слободан Треневски | 5.016.575 | 4.556.255 | | |
| 480 | Стов. "8 - ми Ноември"ф.м.480 | 16.294.348 | 18.889.075 | | |
| 520 | Железарија "8 - ми Ноември" | 906.798 | 1.816.647 | | |
| 880 | Гасови - Железничка станица | 3.156.693 | 3.652.025 | | |
| | Ш Т И П - ВКУПНО: | **25.374.414** | **28.914.002** | | |
| 27 | Транзит - Чадиковски | | | | |
| 500 | Стовариште - Скопје | 536.931 | 394.092 | | |
| | С К О П Ј Е - ВКУПНО: | **536.931** | **394.092** | | |
| 610 | Стовариште - Прилеп | 772.014 | 11.791.290 | | |
| | П Р И Л Е П - ВКУПНО: | **772.014** | **11.791.290** | | |
| 14 | Наемнини - Штип | 2.209.341 | 2.136.344 | | |
| 33 | Наемнини - Скопје | 3.332.406 | 3.102.234 | | |
| | ВКУПНО НАЕМНИНИ | **5.541.735** | **5.238.570** | | |
| | Финансови приходи и др. | **373.688** | **193.048** | | |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **32.598.782** | **46.531.002** | | **100** |

**Остварени разлики во цени по фактурни места**

| Ф.М. | НАЗИВ | 2023 | 2022 | % |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 10 | Финансови приходи | 445.614 | 303.048 | +47% |
| 18 | Транзит - Слободан Треневски | 367.564 | 294.486 | +24% |
| 480 | Стов. "8 - ми Ноември" ф.м.480 | 1.953.332 | 2.784.051 | -42% |
| 520 | Железарија "8 - ми Ноември" фм.520 | 181.694 | 396.301 | -18% |
| 880 | Технички гасови - Железничка станица | 588.423 | 735.642 | -25% |
| | Ш Т И П - ВКУПНО: | **3.536.627** | **4.513.528** | **-27%** |
| 27 | Измени на цени | **1.255.300** | 0 | |
| 500 | Стовариште - Скопје | 195.138 | 9.298 | - |
| | С К О П Ј Е - ВКУПНО: | **195.138** | **9.298** | **-** |
| 610 | Стовариште - Прилеп | 260.039 | 7.050.871 | - |
| | П Р И Л Е П - ВКУПНО: | **260.039** | **7.050.871** | **-** |
| 14 | Наемнини - Штип | 2.209.322 | 2.136.334 | +3% |
| 33 | Наемнини - Скопје | 3.332.413 | 3.102.234 | +7% |
| | ВКУПНО НАЕМНИНИ | **5.541.735** | **5.238.570** | **+5%** |

| | СЕ ВКУПНО: | 10.788.839 | 16.812.267 |
|---|---|---|---|

**Во деловната 2023 година се остварени следните трошоци:**

| ОПИС | 2023 | 2022 | процент |
|---|---|---|---|
| Потрошени материјали сметка 400-402 | 217.296 | 251.450 | -15% |
| Потрошена електрична енергија 403 | 642.403 | 801.757 | -24% |
| Потрошено гориво сметка 403 | 473.874 | 612.053 | -29% |
| Трошоци за ситен инв.и автогуми и одрж.транспортни средства сметки 405 -409999 | 198.242 | 44.265 | +347% |
| Транспорт, птт и телефонски усл. с/ка 410 и 413 | 413.330 | 1.190.867 | -2.88% |
| Комунални услуги смнетка 415 | 794.889 | 727.269 | +9% |
| Трош. За реклама,регист. На воз. И спед. с/ка 417 и 419 | 31.334 | 46.273 | -47% |
| Трошоци за бруто плати сметка 421 | 4.450.914 | 3.904.522 | +13% |
| Регрес за годишен одмор,тех.виш.и јуб.нагр. 422 | 169.849 | 269.469 | -58% |
| Пресметана амортизација | 358.990 | 372.784 | -3% |
| Трош за амор. Днев.бан.пров. 440-444999 | - | - | |
| Камата од кредити | 971.270 | 955.964 | +1% |
| Трошоци за повремени работи | 380.002 | 405.453 | -6% |
| Останати трошоци | 1.031768 | 1.541.712 | -49% |
| Отпис на утуж.побарувања | - | 4.352.004 | - |
| Вкупно | 10.647.617 | 15.516.655 | -45% |

Со анализа на трошоците може да се констатира дека трошоците се намалени ви 2023г во однос на 2022година, но има зголемување на бруто платите за 13% или ви апсолутен износ од 546.392 денари. Во 2022година вкупно има трошоци од 15.516.655денари во кои влегуваат и отписи на зстарени побарувања во износ од 4.352.004 денари. Ако од вкупните трошоци во 2022година се одземат отписите на застарени побарувања остануваат реални трошоци од 11.164.651денар. Во 2023година реалните трошоци во споредба со 2022година во апсолутен износ се намалени за 517.034 денари.

**Показатели за финансиска стабилност**

Со анализа на погоре изнесените показатели може да се констатира дека финансиската стабилност на друштвото е на високо ниво

. Капиталот и резервите во2023 год. изнесуваат 61.592 илјади денари и во вкупните извори на средствата учествуваат со 66% (оптималното ниво на учество е 50%).

Капиталот ги надминува постојаните средства и залихи, заедно во целост се финансираат со сопствен капитал. Овие податоци укажуваат на обезбеден натпросечен степен на кредитна способност и самофинансирање.

**I. Показатели на ликвидноста**

Друштвото е финансиски ликвидно поради фактот што вкупните тековни средства во износ од 38.775 илјади денари се 1,21 пати поголеми од краткорочните обврски кои изнесуваат 31.999 илјади денари, а паричите средства и побарувањата изнесуваат 26.487илјади денари а обврските изнесуваат 31.999 илјади денари, веќе сме на праг на тековна ликвидност како резултат на финансирање во изградба на деловен објект на ул Гоце Делчев бр.123 Штип, **Степен на задолженост на фирмата е 34%**

**краткорочните обврски** - 31.999- . . . . 34%
**вкупните извори на финансирање** 93.592

**АД "ТУРТЕЛ" ШТИП**
**Претседател на УО**
**Јакимова Ивона сф.**